## Позитивно завршени постапки




## Постапки кои се во тек




## Негативно завршени постапки




Во извештајниот период правниот тим на МХК поведе 5 постапки пред Европскиот суд за човекови права во Стразбур во кои како подносители се јавуваат лица со попреченост или пак лица од ромската етничка заедница, или нивните семејства. Сите постапки се уште се во тек.

## Поведени постапки по основи




## ПРЕПОРАКИ

- НОСЕЊЕ НОВ И ПОДОБРЕН ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА И СПРЕЧУВАЊЕ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА СО КОЈ ЌЕ СЕ ОВОЗМОЖИ ПОДОБРА И ПОЕФИКАСНА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.
- ВОВЕДУВАЊЕ НА СЕГРЕГАЦИЈАТА КАКО ПОСЕБЕН ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА.
- ДРЖАВАТА ТРЕБА ДА СПРОВЕДУВА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАТИВНИ КАМПАЊИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА ФЕНОМЕНОТ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ПОЈАВНИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈАТА И ЗАШТИТНИТЕ МЕХАНИЗМИ ОД ДИСКРИМИНАЦИЈАТА.
- ЗАЈАКНАТА КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРЕКУ МЕНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА И ВОВЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА (СЕКРЕТАРИЈАТ) НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.
- КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ДА ЈА ПОДОБРИ СВОЈАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПРЕКУ ПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНСКИОТ РОК ОД 90 ДЕНА ОД ПОДНЕСУВАЊЕТО НА ПРЕТСТАВКА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, ВО КОИ ТРЕБА ДА ДОНЕСЕ МИСЛЕЊЕ ДАЛИ ВО КОНКРЕТНИОТ СЛУЧАЈ ПОСТОИ ИЛИ НЕ ПОСТОИ ДИСКРИМИНАЦИЈА.
- НАРОДНИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ ПОЧЕСТО ДА ГИ КОРИСТИ СВОИТЕ ЗАКОНСКИ ОВЛАСТУВАЊА ЗА ПОКРЕНУВАЊЕ ПОСТАПКА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ВО СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА КОГА СЕ ЗАСЕГНАТИ ПОВЕЌЕ ЛИЦА
- ДРЖАВАТА ДА ГО ПОДОБРИ ПРИСТАПОТ ДО СУДСКА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА СО ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА, СО ОДРЕДБИ КОИ ЌЕ ПРЕДВИДАТ ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД СУДСКИ ТАКСИ ЗА ЛИЦАТА КОИ ЌЕ ПОВЕДАТ СУДСКА ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА.
- ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ДА ЈА ПОДОБРИ ЕФИКАСНОСТА И ДА ПОЧНЕ ДА ПОСТАПУВА ПО КРИВИЧНИТЕ ПРИЈАВИ ЗА ДИСКРИМИНАЦИЈА И ГОВОР НА ОМРАЗА.
- ПРОАКТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ НА ТЕЛАТА ЗА ЕДНАКВОСТ И ОСТАНАТИТЕ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ КОИ ИМААТ ОВЛАСТУВАЊА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ВО СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА, ОСОБЕНО ВО СЛУЧАИТЕ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО МЕДИУМИТЕ, СО ИНИЦИРАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ.
- ДРЖАВАТА ДА ПРЕЗЕМЕ СЕРИОЗНИ ЧЕКОРИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ФИЗИЧКАТА ПРИСТАПНОСТ НА ЛИЦАТА СО ФИЗИЧКА ПОПРЕЧЕНОСТ ВО ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, УСТАНОВИТЕ И ИНСТИТУЦИИТЕ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ЈАВНИ ДОБРА И УСЛУГИ